ОПШТИНА ДОЛНЕНИ KOMUNA E DOLNENIT

# Б – Интегрирана еколошка дозвола

## ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – МЕРМЕР
## ЛОКАЛИТЕТ: САМАРИЦА 2, КО НЕБРЕГОВО,
## ОПШТИНА ДОЛНЕНИ



Оператор

## ``БИАНКО ХЕРАКЛЕА`` ДООЕЛ - СКОПЈЕ

ОПШТИНА ДОЛНЕНИ
Локална самоуправа

KOMUNA E DOLLNENIT
Vetqeverisja lokale

# Б – ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА

---

Трговско друштво за експлоатација на природен камен

**``БИАНКО ХЕРАКЛЕА``ДООЕЛ - Скопје**

увоз – извоз

бул. 8$^{-ми}$ Септември бр.3, влез 3, деловен објект 4-5

---

Број на дозвола

(Бр.) 09-1695/5

# СОДРЖИНА

Содржина ---------- 2
Вовед ---------- 3
Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола ---------- 4
Комуникација ---------- 6
Доверливост ---------- 7
Промени, предавање при престанок на работа и пренос на дозволата ---------- 8
Преглед на барани и доставени документи ---------- 9
Б – Интегрирана еколошка дозвола ---------- 10
1. Услови ---------- 11
1.1. Инсталација за која се издава дозволата ---------- 11
2. Работа на инсталацијата ---------- 14
2.1. Техники на управување и контрола ---------- 14
2.2. Суровини (вклучувајќи и вода) ---------- 16
2.3. Ракување и складирање на отпадот ---------- 16
2.4. Преработка и одлагање на отпад ---------- 17
2.5. Спречување и контрола на хаварии ---------- 18
2.6. Мониторинг ---------- 19
2.7. Престанок со работа ---------- 20
2.8. Инсталации со повеќе оператори ---------- 21
3. Документација ---------- 22
4. Редовни извештаи ---------- 25
5. Известувања ---------- 26
6. Емисии ---------- 27
6.1. Емисии во воздух ---------- 27
6.2. Емисии во почва ---------- 27
6.3. Емисии во вода (различни од емисиите во канализација) ---------- 27
6.4. Емисии во канализација ---------- 29
6.5. Емисии на топлина ---------- 30
6.6. Емисии на бучава и вибрации ---------- 30
7. Пренос до пречистителна станица за отпадни води ---------- 32
8. Програма за подобрување ---------- 33
9. Договор за промени во пишана форма ---------- 34
10. Додаток 1 ---------- 35
10.1 Писмена потврда за условот 5.1.1 ( известувања), согласно условот 5.1.2 ---------- 35
11. Додаток 2 ---------- 36
11.1 Извештаи за податоците од мониторингот ---------- 36
12. Додаток 3 ---------- 37
12.1 Пенали како мерка за исполнување на обврските од Дозволата ---------- 37
12.2 Определување на пенали ---------- 37
12.3 Присилна наплата ---------- 37

# В О В Е Д

*Овие воведни белешки не се дел од дозволата*

Следната дозвола е издадена согласно Законот за животна средина (``Службен весник на РМ``бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16) за работа на инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата на Владата за ``Определување на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола со временски распоред за поднесување оперативни планови``, до одобреното ниво во Дозволата.

## Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола

Предметната инсталација за експлоатација на мермер на локалитетот “Самарица 2“ на операторот “БИАНКО ХЕРАКЛЕА“ ДООЕЛ-Скопје, се наоѓа во атарот на с.Небрегово, на оддалеченост од околу 10 км од Прилеп. Самата локација на концесијата е на околу 2,5 км јужно од селото Небрегово во серијата на мермерите кои се дел од метаморфниот комплекс на Пелагонот. Наоѓалиштетот “Самарница 2“ с.Небрегово припаѓа на масивот југозападно од планината Бабуна, а е во пресек со планината Козјак со превец на протегање СЗ – ЈИ. Концесискиот простор зафаќа површина од 0.471300 $km^2$.

Технолошкиот процес кој се одвива во инсталацијата за експлоатација на мермер, се состои во Отворањето на површинскиот коп претставува почетна фаза на површинската експлоатација со што треба да се создаде функционална врска помеѓу етажите и останатите објекти од површинскиот коп, во прв ред со одлагалиштата и со плацот за готови производи. Отворањето на етажите во границите на проектираниот побршински коп „ Самарница 2 “ поради конфигурацијата на теренот ќе се изведува сукцесивно одизгора надолу. Вкупно се предвидени да се отворат 5 етажи. Почетните активности за отворање на експлоатационите етажи започнуваат со изработката на пристапен пат до проектираната точка за отворање. Поради конфигурацијата на теренот, кој се одликува со благ нагиб, потребно е сегментно отворање и паралелна експлоатација на повеќе етажи.

Работното време на инсталацијата е од 7-15 часот секој работен ден, освен во летниот период каде поради должината на денот работата може да се продолжи со 17 часот, во текот на 10 до 11 месеци во годината.

| Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација | | |
|---|---|---|
| Сопственик на дозволата | Број на дозвола | Дата на издавање |
| Нема | / | / |

| Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација | | |
|---|---|---|
| Сопственик | Референтен број | Дата на издавање |
| Нема | / | / |

## Комуникација

Доколку сакате да контактирате со Органот на локалната самоуправа надлежен за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа дозвола, Ве молиме наведете го Бројот на дозволата.

За било,каква комуникација, контактирајте го Надлежниот орган на адресата **Општина Долнени – Локална самоуправа, 7504 Долнени**.

## Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во општинските регистри, согласно потребите на Законот за животна средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животна средина. За да му овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животна средина, член 55, став 2, точка 4. операторот ќе ја наведе причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка дозвола во посебен коверт.

## Промени во дозволата

Оваа дозвола може да се менува во согласност со законот за животна средина. Доколку дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управител со отпад за лицето задолжено за таа активност.

## Предавање на дозволата при престанок на работа на инсталацијата

При делумен или целосен престанок со работа на инсталацијата, Операторот го известува Надлежниот орган. Со цел барањето да биде успешно, Операторот мора да му покаже на Надлежниот орган, согласно член 120 став 3 од Законот за животна средина, дека не постои ризик од загадување и дека не се потребни понатамошни чекори за враќање на местото во задолителна состојба.

## Пренос на Дозволата

Пред да биде извршен целосен или делумен пренос на дозволата на друго лице, треба да се изготви заедничко барање за пренос на дозволата од страна на постоечкиот и предложениот сопственик, согласно член 118 од Законот за животна средина. Доколку дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управување со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управување со отпад за лицето задолжено за таа активност.

## Преглед на барани и доставени документи

| Предмет | Датум | Коментар |
|---|---|---|
| Барање бр.03-1695/1 | 27.12.2019 година | Доставеното барање беше комплетно |
| Објава на барање бр.03-1695/2 | 30.12.2019 година | На општинска ВЕБ страна |
| Дозвола (Бр.) 09-1695/5 | Одлучено на ден 10.01.2020 година | Одлучено е позитивно |

# Б – Интегрирана еколошка дозвола

Закон за животна средина

Број на дозвола
(Бр.) 09-1695/5 од 10.01.2020 година

Општина Долнени во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животна средина (``Службен весник на РМ``бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16), го овластува

**``БИАНКО ХЕРАКЛЕА``ДООЕЛ - Скопје,** (``Оператор``)

со регистрирано седиште на

**бул. 8-ми Септември бр.3, влез 3, деловен објект 4-5**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

**Број на регистрација на компанијата (ЕМБС): 5134676**

да раководи со Инсталацијата

**Експлоатација на минерална суровина - мермер,**
**на локалитетот "Самарица 2", КО Небрегово**
**Општина Долнени**

во рамките на дозволата и условите во неа.

Потпис

ГРАДОНАЧАЛНИК / KRYETARI
ЏЕМИЛЌАМИЛИ / XHEMIL QAMILI

Xhemil Qamili Digitally signed by Xhemil Qamili DN: cn=Xhemil Qamili, o=Gradonacalnik, ou=Opstina Dolneni, email=gradonacalnik@opstinadolneni.gov.mk, c=MK Date: 2020.02.10 12:50:41 +01'00'

Датум

10.01.2020 година

# 1. Услови

## 1.1. Инсталација за која се издава дозволата

1.1.1. Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.1.

| Табела 1.1.1. | | |
|---|---|---|
| Активност од Анекс 2 од УРЕДБА за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план | **Опис на наведената активност** | **Граници на наведената активност** |
| ПРИЛОГ 2<br>**Точка 3. Индустрија на минерали**<br>**Подточка 3.2. Инсталации за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини** | **Експлоатација на минерална суровина - мермер** | **Локација 1:**<br>X: 4587880<br>Y: 7547470<br>**Локација 2:**<br>X: 4588250<br>Y: 7548750<br>**Локација 3:**<br>X: 4588000<br>Y: 7549000<br>**Локалција 4:**<br>X: 4587550<br>Y: 7547680 |

1.1.2. Активностите овластени во условите 1.1.1. ќе се одвиваат само во границите на локацијата на инсталацијата, прикажана во планот Табела 1.1.2.

| Табела 1.1.2. | |
|---|---|
| **Документ** | **Место во документацијата** |
| Графички приказ на инсталацијата | Страна 9 од Дозволата за експлоатација |

Топографска карта на концесиски простор

1:25000

Локалитет: Самарица-2, с.Небрегово - Долнени

Минерална суровина: Мермер

Површина = 0.222303 км2




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7548052 | 4588044 |
| 2 | 7548169 | 4587720 |
| 3 | 7547850 | 4587612 |
| 4 | 7547826 | 4587679 |
| 5 | 7547823 | 4587703 |
| 6 | 7547809 | 4587768 |
| 7 | 7547794 | 4587809 |
| 8 | 7547713 | 4587924 |
| 9 | 7547887 | 4587977 |
| 10 | 7547900 | 4587981 |

| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7548076 | 4588053 |
| 2 | 7548119 | 4588065 |
| 3 | 7548154 | 4588076 |
| 4 | 7548158 | 4588023 |
| 5 | 7548167 | 4587959 |
| 6 | 7548173 | 4587928 |
| 7 | 7548125 | 4587920 |
| 8 | 7548116 | 4587922 |
| 9 | 7548082 | 4588016 |

| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7548242 | 4587843 |
| 2 | 7548326 | 4587851 |
| 3 | 7548391 | 4587870 |
| 4 | 7548431 | 4587888 |
| 5 | 7548429 | 4587916 |
| 6 | 7548416 | 4588015 |
| 7 | 7548491 | 4588028 |
| 8 | 7548572 | 4587860 |
| 9 | 7548245 | 4587750 |

| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7548486 | 4588170 |
| 2 | 7548748 | 4588246 |
| 3 | 7548812 | 4588182 |
| 4 | 7548774 | 4588161 |
| 5 | 7548762 | 4588138 |
| 6 | 7548722 | 4588086 |
| 7 | 7548614 | 4587997 |

**Слика 1** – Приказ на Инсталацијата

1.1.3. Согласно член 140 од Законот за животна средина доколку Операторот не се придржува до утврдените мерки, рокови и услови согласно оперативниот план, определени се посебни пенали во Додаток 3 од оваа Дозвола.

1.1.4. По добивање на Б интегрираната еколошка дозвола, Операторот е должен да го плати годишниот надомест за поседување на Б интегрираната еколошка дозволата, за период за кој ја поседува. Годишниот надомест Операторот ќе го плаќа во текот на календарската година.

1.1.5. Оваа Дозвола е само за потребите на ИСКЗ според Законот за животна средина (``Службен весник на РМ``бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16) и ништо во оваа Дозвола не го ослободува Операторот од обврските за исполнување на условите и барањата од други закони и подзаконски акти.

1.1.6. Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира, ќе се одржува и емисиите ќе бидат такви како што е наведено во оваа Дозвола.

1.1.7. Инсталацијата не смее да работи над капацитетот наведен во барањето без согласност и писмено одобрение на Надлежниот орган.

1.1.8. Со отпочнување на работата Операторот се задолжува редовно даврши мерења на емисии и истите да ги достави до Надлежниот орган (Додаток 2 , Табела Д 2)

1.1.9. Операторот на видно место ќе постави план на кој што ќе бидатприкажани :

- начинот и операциите за складирање на отпадот,
- видот на отпадот со негово место на складирање,
- постапка за работа,
- постапки за итни случаеви,
- мерки за издвојување на отпадот,
- план за заштита од пожари,
- простор за складирање на пакување за отпад, однсоно празни пластични буриња,
- предвиден максимален капацитет за секое место од локацијата, и
- знаци за опасност на секое место на локацијата и соодветните карактеристики на складираниот отпад.

1.1.10. Б интегрираната еколошка дозвола има важност од 7 години. Истата подлежи на ревизија при што доколку има потреба условите зададени во неа ќе се изменат.

1.1.11. Најдоцна една година пред истекот на временеската рамка дадена во точка 1.1.10. Операторот е должен да поднесе барање за обновување на дозволата.

# 2. Работа на инсталацијата

## 2.1. Техники на управување и контрола

2.1.1. Инсталацијата за која се издава Дозволата, согласно условите во Дозволата ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во барањето, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

2.1.2. Во инсталацијата треба да има поставено менаџер со соодветно квалификувано и работно искуство кој што ќе биде назначен како одговорно лице. Менаџерот на инсталацијата или некое друго номинирано лице со соодветни квалификации и искуство, во улога на заменик, ќе биде присутен во инсталацијата во секое време во текот на работата на инсталацијата или како што е поинаку назначено од страна на Надлежниот орган.

2.1.3. Копија од оваа Дозвола, како и оние делови од барањето кои се земени предвид во оваа Дозвола ќе бидат во секое време достапни за секој вработен кој ја извршува работата на која се однесуваат некои од барањата на Дозволата.

2.1.4. Целиот персонал ќе биде целосно запознаен со оние аспекти од условите на Дозволата, кои се релевантни на нивните должности и ќе бидат поткрепени со соодветна обука и писмени оперативни инструкции за да се овозможи да ги извршуваат своите должности.

2.1.5. Операторот не подоцна од 6 (шест) месеци од добивањето на оваа Дозвола, ќе воспостави и одржува систем за управување со животната средина (СУЖС). Системот за управување со животната средина ќе се надградува еднаш годишно на секои 12 месеци. Во СУЖС треба да бидат внесени следните елементи:

- Структура на управувањето и известување
- Распоред на целите и задачите за животната средина

2.1.6. Операторот ќе подготви распоред на целите и задачите за животната средина. Распоредот, како минимум ќе обезбеди преглед на сите операции и процеси, вклучувајќи и проценка на практичните опции за ефикасност на енергијата и другите ресурси, употреба на почиста технологија, почисто производство и превенција, потоа спречување, редукција и минимизирање на отпадот, како и вклучување на цели за намалување на отпадот. Распоредот ќе вклучува временски рамки за достигнувањето на поставените цели и ќе се однесува на период од минимум 5 (пет) години. Распоредот ќе се разгледува годишно на секои 12 месеци и сите измени треба да се пријават кај Надлежниот орган за нивно

одобрение, како дел од годишниот извештај за животна средина (ГИЖС):

2.1.7. Операторот ќе му достави на Надлежниот орган програма за управување со животната средина (ПУЖС) за одобрување, во која што ќе биде вклучена и временска рамка за остварување на целите и задачите за животната средина подготвени во условот 2.1.5. По одобрување на програмата, Операторот треба истата да ја спроведе и да ја одржува. Таа ќе содржи:

- Распределба на одговорностите за задачите
- Средства со кои тие можат да се остварат
- Време во кое тие можат да се достигнат

2.1.8. ПУЖС ќе се разгледува еднаш годишно на секои 12 месеци и соодветните дополнувања ќе се доставуваат до Надлежниот орган за одобрение, како дел од годишниот извештај за животна средина (ГИЖС) (услов 2.1.5.).

2.1.9. Како дел од ГИЖС, Операторот ќе подготви и ќе достави до Надлежниот орган Извештај за програмата, вклучувајќи ги успесите во постигнувањето на договорените цели. Таквите извештаи ќе се чуваат во рамките на инсталацијата за период не помал од 7 (седум) години и ќе бидат достапни за инспекција од овластените лица на Надлежниот орган.

2.1.10. Лице одговорно за заштита на животната средина е **Сашо Конески** – раководител.

| Табела 2.1.1.: Техники на управување и контрола | | |
|---|---|---|
| Опис | Документ | Дата кога е применo |
| Опис на технички активности | Барање бр.03-1695/1, Поглавје II | 27.12.2019 |
| Опис на локацијата | Барање бр.03-1695/1, Поглавје II | 27.12.2019 |
| Опис на дејноста | Барање бр.03-1695/1, Поглавје II | 27.12.2019 |
| Спецификација на потребна механизација/опрема | Барање бр.03-1695/1, Поглавје II | 27.12.2019 |
| Опис-скица на технолошкиот процес | Барање бр.03-1695/1, Поглавје II, страна 41 | 27.12.2019 |
| Ситуација и мапи од макролокација | Барање бр.03-1695/1, Страна 7 и 8 | 27.12.2019 |

## 2.2. Суровини (вклучувајќи и вода)

2.2.1. Операторот, согласно условите од дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи и вода) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1., или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

| Табела 2.2.1.: Суровини (вклучувајќи и вода) | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Опис на суровини | Барање бр.03-1695/1, Поглавје IV | 27.12.2019 |
| Суровини и помошни материјали | Барање бр.03-1695/1, Поглавје IV | 27.12.2019 |
| Производи | Барање бр.03-1695/1, Поглавје IV | 27.12.2019 |
| Суровини (Мермер, масла, масти и сл.) | Барање бр.03-1695/1, Поглавје IV | 27.12.2019 |
| Помошни материјали | Барање бр.03-1695/1, Поглавје IV | 27.12.2019 |
| Електрична енергија | Барање бр.03-1695/1, Поглавје IV | 27.12.2019 |

2.2.2. Операторот ќе обезбеди безбедно чување на суровините и ќе се грижи за безбедноста на складиштата.

2.2.3. Сите суровини ќе бидат јасно означени за да се знае нивната содржина.

## 2.3. Ракување и складирање на отпадот

2.3.1. Операторот, согласно условите од дозволата, ќе ракува и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.3.1. и 2.3.2, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

| Табела 2.3.1.: Ракување и складирање на отпадот | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Видови на цврст и течен отпад | Барање бр.03-1695/1, Поглавје V | 27.12.2019 |
| Комунален отпад | Барање бр.03-1695/1, Поглавје V | 27.12.2019 |
| Отпад од таложници за отпадна вода | Барање бр.03-1695/1, Поглавје V | 27.12.2019 |
| Отпадно железо | Барање бр.03-1695/1, Поглавје V | 27.12.2019 |
| Јаловина | Барање бр.03-1695/1, Поглавје V | 27.12.2019 |
| Отпадни гуми, каиши и сл. | Барање бр.03-1695/1, Поглавје V | 27.12.2019 |
| Отпадни масла, филтри, акумулатори | Барање бр.03-1695/1, Поглавје V | 27.12.2019 |

| Табела 2.3.2.: Отпад складиран на самата локација | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис на отпадот** | **Место на складирање на самата локација** | **Начин на складирање** | **Услови на складирање** |
| Мешан комунален отпад | Во складови за комунален отпад/преземање од страна на локално комунално претпријатие | Со селектирање. Се чува до превземање од комунално претпријатие | Внатрешно контролирана област |
| Отпад од таложници за отпадна вода | Скалдирање на локацијата на инсталацијата | Со селектирање. | Внатрешно контролирана област. |
| Отпадно железо | Скалдирање на локацијата на инсталацијата | Со селектирање. Се чува до превземање од надлежна фирма | Внатрешно контролирана област |
| Јаловина | Скалдирање на локацијата на инсталацијата | Со селектирање. Се чува до реупотреба или превземање од фирма за преработка | Внатрешно контролирана област |
| Отпадни гуми, каиши и сл. | Скалдирање на локацијата на инсталацијата | Со селектирање. Се чува до превземање од надлежна фирма | Внатрешно контролирана област |
| Отпадни масла, филтри, акумулатори | Скалдирање на локацијата на инсталацијата | Со селектирање. Се чува до превземање од надлежна фирма | Внатрешно контролирана област |

## 2.4. Преработка и одлагање на отпад

2.4.1. Операторот, согласно условите од дозволата, ќе го преработува и одлага отпадот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.4.1., или на друг начи договорено написмено со Надлежниот орган.

| Табела 2.4.1.: Искористување и отстранување на отпадот | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Цврст и течен отпад (собирање и транспорт на отпадот) | Барање бр.03-1695/1, Поглавје V<br>Договор со локално комунално претпријатие | 27.12.2019 |

2.4.2. Во границите на инсталацијата смее да се одлага исклучиво инертен отпад.

2.4.3. Се забранува истурање, фрлање горење или согорување на отпадот.

2.4.4. Со отпадот кој времено ќе се складира ќе се постапува согласно позитивните законски прописи за складирање на отпад.

2.4.5. Отпадот кој се испраќа надвор од инсталацијата за рециклирање и одлагање ќе се транспортира само од страна на овластено лице на начин кој нема да има штетно влијание по животната средина во согласност со соодветните национални и европски законски регулативи и протоколи.

2.4.6. Договорот за собирање и транспортирање на отпад ќе се изврши со правно лице кои поседуваат дозвола за собирање и транспорт на отпад.

2.4.7. За активностите кои се поврзани со операции за управување со отпад на локацијата ќе се води целокупна евиденција, која ќе биде достапна за инспекција од страна на овластени лица на Надлежниот орган во секое време. Оваа евиденција треба да содржи минимум од следниве детали:

- Имиња на превземачот и транспортерите на отпад
- Името на лицата кои се одговорни за крајното одлагање/рециклирање на отпадот.
- Крајна дестинација на отпадот.
- Писмена потврда од приемот и одлагањето/ рециклирањето на отпадот за било какви опасни материи кои се пратени надвор од локацијата.
- Тонажи и МКо Код за отпадните материи.

## 2.5. Спречување и контрола на хаварии

2.5.1. Операторот, согласно условите од дозволата, ќе ги спречи и ограничи последиците од хаварии онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1., или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| Табела 2.5.1.: Спречување и контрола на несакани дејствија | | |
|---|---|---|
| Опис | Документ | Дата кога е примено |
| Опис на постапката за превземање активности за спречување на хаварии и реагирање во итни случаеви | Барање бр.03-1695/1, Поглавје XIII | 27.12.2019 |

2.5.2. Во случај на несреќа операторот веднаш треба:
- Да го изолира изворот на било какви емисии;
- Да спроведе непосредна истрага за да се идентификува природата, изворот и причината на било која емисија која произлегува од тоа;
- Да го процени загадувањето на животната средина, ако го има предизвикано со инцидентот;
- Да идентификува и спроведе мерки за минимизирање на емисиите;
- Да го забележи датумот на несреќата.
- Да го извести Надлежниот орган и другите релеватни власти.

2.5.3. Операторот е должен за настанатата хварија веднаш да го извести надлежниот орган и органот на државната управа надлежна за работите од областа на животната средина и да му ги достави податоците кои се однесуваат на:
- Околностите во кои се случила хаваријата;
- Присутните опасни супстанции за време и после хаваријата;
- Податоци потребни за проценување на последиците по здравјето на луѓето и по животната средина, до кои дошло како резултат на хаваријата;
- Превземените вонредни мерки.

2.5.4. Операторот е должен за предвидените активности и мерки за безбедност, како и за начинот на постапување во случај на хаварија, да ги информира лицата на кои би влијаела хаваријата.

2.5.5. Информациите за мерките за безбедност, Операторот ќе ги анализира и проверува на секои 3 ( три ) години.

2.5.6. Информациите за мерките за безбедност ќе овозможи да бидат достапни до јавноста.

2.5.7. Операторот треба да достави предлог за одобрување до надлежниот орган во рок од еден месец од несреќата која се случила или на друг начин договорен со Надлежниот орган. Предлогот има за цел да:
- Идентификува и постави мерки за да се избегне повторно случување на несреќата; и
- Идентификува и постави било какви други активности за санација.

## 2.6. Мониторинг

2.6.1. Операторот, согласно условите од дозволата, ќе изведува мониторинг, ќе го анализира и развива истиот како што е опишано

во документите наведени во Табела 2.6.1., или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| Табела 2.6.1.: Мониторинг | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Мониторинг на отпадни води | Барање бр.03-1695/1, Поглавје VII | 27.12.2019 |
| Мониториг на емисии на бучава | Барање бр.03-1695/1, Поглавје IX | 27.12.2019 |

2.6.2. Операторот ќе обезбеди:

a. безбеден и постојан пристап до мерните места, за да се овозможи земањето примероци/мониторингот да биде изведено во релација со точките во емисија наведени во Додаток 2, освен ако не е поинаку наведено во Додатокот; и

b. безбеден пристап до други точки на земање примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

2.6.3. Земањето примероци и анализите ќе се изведува според ISO стандардите.

2.6.4. Се задолжува операторот "БИАНКО ХЕРАКЛЕА"ДООЕЛ-Скопје–за инсталацијата за експлоатација на минерална суровина-мермер од локалитетот Самарица 2, редовно да доставува Извештај од извршените мерења од Мониторингот што може да го врши било која консултантска куќа. Извештаите треба по службен пат редовно да се доставуваат до општина Долнени.

2.6.5. Фреквенцијата, методите и обемот на мониторинг, начинот на земање на примероци и анализа ќе се извршуваат како што е наведено во оваа Дозвола или може да се изменат во согласност со Надлежниот орган кој ќе ја следи проценката на доставените резултати.

## 2.7. Престанок со работа

2.7.1. Операторот, согласно условите од дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во Табела 2.7.1., или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| Табела 2.7.1.: Престанок на работа | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа и грижа по престанок на активностите | Барање бр.03-1695/1, Поглавје XIV | 27.12.2019 |

2.7.2. Операторот во рок од 24 месеци од издавање на Дозволата треба да подготви детален план со финансиски импликации за престанок на работа на инсталацијата или нејзино затварање во целост.

2.7.3. Планот треба да содржи:

- Изјава за обемот на планот;
- Критериумите кои дефинираат успешен престанок со работа на активностите или на дел од нив, кој ќе обезбеди мнинимум влијание врз животната средина;
- Програма за постигнување на наведените критиериум;
- Финансиски детали за планот и како тие ќе бидат обезбедени.

2.7.4. Операторот ќе обезбеди јасна и детална проценка на ризикот од еколошка одговорност што ќе ги опфати одговорностите/обврските од минатите и сегашните активности. Оваа проценка ќе ги вклучи одговорностите/обврските и трошоците за исполнување на планот за управување со ризикот по затварање на инсталацијата.

2.7.5. Обврската за враќање на животната средина во задоволителна состојба по престанок на работата на инсталацијата од страна на Операторот ќе се изврши во согласност со членот 120 од Законот за животна средина.

## 2.8. Инсталации со повеќе оператори

2.8.1. Со инсталацијата за која се издава Дозволата управува само еден оператор, или оваа дозвола е валидна само за оние делови од инсталацијата што се означени на мапата во делот 1.1.2. од оваа дозвола.

# 3. Документација

3.1.1. Документацијата ќе содржи податоци за:

- секоја неисправност, дефект или престанок на работата на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да има, имало или ќе има влијание на перформансите за животната средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневник воден за таа цел;
- целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

3.1.2. Документацијата од 3.1.1. ќе биде достапна за инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое пристојно време.

3.1.3. Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.1.4. Специфицираните и другите документи треба:

- да бидат читливи;
- да бидат направени што е можно побрзо;
- да ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат.

3.1.5. Операторот е должен специфираната и другата документација да ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата.

3.1.6. За целиот примен или создаден отпад во инсталацијата за која што се издава дозволата, операторот ќе има документација (и ќе ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата) за:

- составот на отпадот, или онаму каде што е можно , опис;
- најдобра проценка на количината создаден отпад;
- трасата на транспорт на отпадот за одлагање;
- најдобра проценка на количината отпад испратен на преработка;

- Количината на отпадот ( изразена во тони ) испратен надвор од локацијата за одложување/рециклирање според Листата на видови на отпад;
- Имиња на лице/фирма задолжено за транспорт на отпад. Како и детали околу добиената дозвола за собирање;
- Детали за крајната дестинација на одложување/рециклирање на отпад и нејзино соодветност да го прифати упатениот отпад;
- Писмена потврда за прифаќање и одлагање/преработка на отпад кој е испратен надвор од локацијата;
- Количините и означување на типовите на отпад кои се рециклираат или одложуваат на локацијата, според Листата на видови на отпад ( Сл.Весник на РМ 100/05 ).

3.1.7. Операторот на инсталацијата за која што се издава дозволата ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзино влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и кратко резиме доколку имало било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник воден за таа цел и за истото да го извести Надлежниот орган во рок од 24 часа.

3.1.8. Операторот е должен да ги чува следниве документи и при увид на Овластените инспектори за животна средина истите ќе им ги достави на увид :

- Дозволи поврзани со инсталацијата;
- Записи од сите прибирања на примероци за анализи, мерења, испитувања, калибрирања и одржување кое е извршено во согласност со барањата на оваа Дозвола и целиот мониторинг кој се поврзува со перформансите во однос на животната околина на инсталацијата;
- Целата кореспонденција со Надлежниот орган.

3.1.9. Операторот ќе води записи за секој инцидент. Овој запис треба да вклучува детали за природата, обемот и влијанието на инцидентот, како и причините што довеле до него. Евиденцијата треба да ги вклучува и превземените корективни мерки за да е управува со инцидентот, да се минимизира генерираниот отпад и ефектот врз животната средина и да се избегне негово повторно случување. Операторот треба што е можно побрзо по известувањето за инцидентот, да му поднесе евиденција за инцидентот на Надлежниот орган.

3.1.10. Операторот се задолжува да изготви внатрешен план за вонредни состојби, кој ќе ги содржи мерките што треба да се превземат внатре во системот во случај на хаварија во рок од 90 дена по добивање на Дозволата. Истиот ќе го достави до Надлежниот орган во рок од 15 дена од денот на донесување.

# 4. Редовни извештаи

4.1.1. Сите извештаи и известувања што ги бара оваа дозвола, операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган.

4.1.2. Операторот ќе даде извештај за параметрите од Табела Д2 во Додатокот 2 :

a во однос на наведените емисиони точки;

b за периодите за кои се однесуваат извештаите наведени во Табела Д2 од Додатокот 2 и за обликот и содржината на формуларите, операторот и надлежниот орган ќе се договорат меѓусебно;

c давање на податоци за вакви резултати и проценки како што може да биде барано од страна на формуларите наведени во тие Табели;

d испраќање на извештај до Надлежниот орган во рок од 14 дена; и

e сите извештаи ќе бидат потпишани од страна на назначено овластено лице од инсталацијата.

# 5. Известувања

5.1.1. Операторот ќе го извести Надлежниот орган **без одложување** :

a кога ќе забележи емисија на некоја супстанција која го надминува лимитот или критериумот на оваа дозвола, наведен во врска со таа супстанција;

b кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување;

c кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работа на постројката или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување; и

d било какво несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.1.2. Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо, за секое од следниве работи:

a перманентен престанок на работата на било кој дел или на целата инсталација, за која се издава дозволата;

b престанок на работата на некој дел или на целата инсталација за која се издава дозволата, со можност да биде подолго од 1 година;

c повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за кој што се издава дозволата, по престанокот по известување според 5.1.2. (б).

5.1.3. Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:

a било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адресата на регистрирана канцеларија;

b промена на податоците за холдинг компанијата на операторот (вклучувајќи и податоци за холдинг компанијата кога операторот станува дел од неа);

c за активности кога операторот оди во стечај, склучува доброволен договор или е оштетен.

# 6. Емисии

## 6.1. Емисии во воздух

6.1.1. Нема да има емисии во воздух.

6.1.2. Операторот ќе го извести Надлежниот орган за секоја непредвидена емисија во воздух.

## 6.2. Емисии во почва

6.2.1. Нема да има емисии во почвата.

6.2.2. Операторот ќе го извести Надлежниот орган за секоја непредвидена емисија во почва.

## 6.3. Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)

6.3.1. Емисиите во површински води, се дадени во Табела 6.3.1

| Табела 6.3.1.: Точки на емисија во вода | | |
|---|---|---|
| Ознака на точка на емисија | Извор | Количество |
| Точка 4 | Отпадна вода од технолошки процес | pH – 8.7mg/m$^3$<br><br>Суспендирани материи – 260 mg/m$^3$<br><br>Масти и масла – 19,4mg/m$^3$ |

6.3.2. Границите на емисиите во вода за параметарот(рите) и точката(ите) на емисија поставени во Табела 6.3.2., нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.3.3. Временските периоди од 6.3.2. соодведтсвуваат на оние кои се наведени во Барањето за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола, бр.03-1695/1.

6.3.4. Операторот ќе изведува мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.3.2. на точките на емисија и најмалку на фреквенции наведени во таа Табела.

| Табела 6.3.2. : Граници на емисија во вода | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Параметар** | **Точка на емисија** | | **Точка на емисија** | | **Фреквенција на мониторинг** |
| **Отпадна вода од технолошки процес** | До (датум) | Од (датум) | До (датум) | Од (датум) | |
| | Вредност | Вредност | Вредност | Вредност | |
| pH | 27.12.2019 | 27.12.2019 | | | Двапати годишно првата година, односно еднаш годишно понатаму |
| | 8.7 mg/l | 10 – 12mg/l | | | |
| Суспендирани материи | 27.12.2019 | 27.12.2019 | | | Двапати годишно првата година, односно еднаш годишно понатаму |
| | 260 mg/l | <300 mg/l | | | |
| Масти и масла | 27.12.2019 | 27.12.2019 | | | Двапати годишно првата година, односно еднаш годишно понатаму |
| | / | 19,4 mg/l | | | |

6.3.5. Не смее да има емисии во вода од страна на инсталацијата за која се издава дозволата, на било која супстанција пропишана за вода за која нема дадено граници во Табела 6.3.2., освен за концентрации кои не се поголеми од оние кои веќе ги има во водата.

6.3.6. Операторот ќе земма примероци и ќе врши мониторинг на местото на испустот (наведи) со (наведи) фреквенција.

6.3.7. Операторот ќе го извести Надлежниот орган за секоја непредвидена емисија во површинските води.

## 6.4. Емисии во канализација

6.4.1. Емисии во канализција от точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.4.1. ќе потекнуваат само од изворот(ите) наведени во таа Табела.

| Табела 6.4.1.: Точки на емисија во канализација | | |
|---|---|---|
| Ознака на точка на емисија | Извор | Канализација |
| НЕМА ЕМИСИИ ВО КАНАЛИЗАЦИЈА | | |

6.4.2. Границите на емисиите во канализација за параметарот(рите) и точките на емисија поставени во Табела 6.4.2., нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.4.3. Временските периоди од 6.4.2. соодведтсвуваат на оние кои се наведени во Барањето за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола, бр.03-1695/1.

| Табела 6.4.2. : Граници на емисии во канализација | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Параметар | Точка на емисија | | Точка на емисија | | Фреквенција на мониторинг |
| | До (датум) | Од (датум) | До (датум) | Од (датум) | |
| | Вредност | Вредност | Вредност | Вредност | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

6.4.4. Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.4.3а и 6.4.3б на точките на емисија и не поретко од наведеното во таа Табела.

6.4.5. Нема да има испуштање на било какви супстанции кои може да предизвикаат штета на канализацијата или да имаат влијание на нејзиното одржување.

| Табела 6.4.3а : Барања за мониторинг за канализација (се до и вклучувајќи ??.??.2010) | | |
|---|---|---|
| Параметар | Точка на емисија | Точка на емисија |
| НЕМА ЕМИСИИ ВО КАНАЛИЗАЦИЈА | | |

| Табела 6.4.36: Мониторинг на канализација | | |
|---|---|---|
| Параметар | Точка на емисија | Точка на емисија |
| НЕМА ЕМИСИИ ВО КАНАЛИЗАЦИЈА | | |

6.4.6. Не смее да има емисии во канализација од страна на инсталацијата за која се издава дозволата, на било која супстанција пропишана за вода за која нема дадено граници во Табела 6.4.2., освен за концентрации кои не се поголеми од оние кои веќе ги има во водата.

## 6.5. Емисии на топлина

6.5.1. Нема термално испуштање кое ќе влијае врз животната средина.

## 6.6. Емисии на бучава и вибрации

6.6.1. Емисиите на бучава од локацијата на инсталацијата треба да бидат во согласност со стандардите пропишани со националното законодавство ( Одлука за утврдување во кои случаеви се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава Службен весник на Република Македонија бр. 1/09, Правилникот за локациите на мерните станици и мерните места ( Службен весник на Република Македонија бр 12/08) и Правилник за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина ( Службен весник на Република Македонија бр 147/08) , табела 6.6.1

| Табела 6.6.1 : Точки на емисии од бучава | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Референтни точки | НКС (5H, 5E) | Ниво на звучен притисок (dB) | | |
| | | L (A) $_{eq}$ | L (A) $_{10}$ | L (A) $_{90}$ |
| Граници на локацијата | | | | |
| Т1 | X: 4587880<br>Y: 7547470 | 59,3 – 60,5 | | |
| Т2 | X: 4588250<br>Y: 7548750 | 45,2 – 48,1 | | |
| Т3 | X: 4588000<br>Y: 7549000 | 52,3 – 54,2 | | |
| Т4 | X: 4587550<br>Y: 7547680 | | | |
| Осетливи локации | не постојат осетливи локации | | | |

6.6.2. Операторот ќе врши преглед на бучавата на локацијата еднаш годишно во првата година, односно еднаш на две години по првата година.

6.6.3. Емисиите на бучавата нема да ја надминат границата од 70 db согласно член 3 од Правилникот за гранични вредности на ниво на бучава во животна средина (``Сл.весник на РМ``бр.147/08).

# 7. Пренос до пречистителна станица за отпадни води

# 8. Програма за подобрување

8.1.1. Операторот ќе ги спроведе договорените мерки наведени во Табела 8.1.1., заклучно со датумот наведен во таа табела и ќе испрати писмено известување до Надлежниот орган за датумот кога била комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од завршувањето на секоја од тие мерки.

| Табела 8.1.1. : Програма за подобрување | | |
|---|---|---|
| Ознака | Мерка | фреквенција |
| 8.1 | Евиденција на употребени количини на суровини и помошни материјали на месечно ниво | месечно |
| 8.2 | Складирање на суровини во помали/пониски купови со цел намалување на површината на експонираност наспроти дејството на ветер | редовно |
| 8.3 | Одржувае на тампонот на работна површина | По потреба |
| 8.4 | Чистење на пристапните патишта и работните површини | редовно |
| 8.5 | Редовно следење и контола на работата и количината на употребена и испуштена вода | По потреба |
| 8.6 | Рационално користење на водата и нејзино штедење секогаш кога има можност за тоа | редовно |
| 8.7 | Евиденција на употребени количини на вода на месечно ниво | месечно |
| 8.8 | Следење на амбиенталната бучава | Согласно условите од оваа Дозвола |
| 8.9 | Правилно управување и постапување со отпадот создаден на локацијата на инсталацијата | тековно |
| 8.10 | Евиденција на создаени видови и количини на отпад | месечно |

8.1.2. Операторот ќе ја спроведува Програмата за подобрување, која е составен дел на барањето, онака како што е договорено со Надлежниот орган.

# 9. Договор за промени во пишана форма

9.1.1. Кога својството ``или како што е друго договорено написмено`` се користи во услов од дозволата, операторот ќе бара таков договор на следниот начин :

a операторот ќе му даде на Надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа дозвола; и

b ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи создавање отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се дава дозволата.

9.1.2. Секоја промена предложена според условот 10.1.1. и договорена писмено со Надлежниот орган, може да се имплементира само откако операторот му даде на Надлежниот орган претходно писмено известување за датумот на имплементација на промената. Почнувајќи од тој датум, операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува на тоа дозволата ќе мора да се дополнува.

9.1.3. Сите позначајни промени во инсталацијата или работите поврзани со неа, а кои се од типот на :

- Материјална промена или зголемување на природата или количината на било која емисија;
- Системите за намалување/третман или преработка;
- Опсег на процесите што се изведуваат;
- Горивата, суровините, меѓупродуктите, продуктите или создадениот отпад, или

Било каква промена:
Инфраструктурата на управување со локацијата или контрола на несакано еколошко влијание кои би имале влијание врз животната средина.
Ќе се изведуваат или ќе започнат со предходно известување за тоа и во договор со Надлежниот орган.

# 10. Додаток 1

## 10.1. Писмена потврда за условот 5.1.1. (известувања), согласно условот 5.1.2.

Овој Додаток ги прикажува информациите што операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2. од оваа дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисија.

Ако некоја информација се смета за деловно доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласност со Законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи :

### Дел А

- ☐ Име на операторот.
- ☐ Број на дозвола.
- ☐ Локација на инсталацијата.
- ☐ Датум на доставување на податоци.
- ☐ Време, датум и локација на емисијата.
- ☐ Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува:
    - ☐ Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија, и времето кога се случила емисијата.
    - ☐ Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.
    - ☐ Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

### Дел Б

- ☐ Други попрецизни податоци за предметот известењн во Делот А.
- ☐ Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем.
- ☐ Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултат на емисијата.
- ☐ Датум на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.

- ☐ Име
- ☐ Потпис
- ☐ Пошта ....................................
- ☐ Датум

- ☐ Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на операторот.

# 11. Додаток 2

## 11.1. Извештаи за податоците од мониторингот

Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, согласно условите 1.1.2. од оваа дозвола, се наведени подолу.

| Табела Д2 : Извештаи за податоците од мониторингот | | | |
|---|---|---|---|
| **Параметар** | **Точка на емисија** | **Период за давање извештаи** | **Почеток на периодот** |
| Емисии во вода | Т4 - испуст на отпадна вода од технолошки процес, Табела 6.3.2 | Годишен извештај | Мај - Јуни, 2020 |
| Емисии на бучава | Т1 – Т3, технолошки процес, Табела 6.6.1 | Годишен извештај | Мај - Јуни, 2020 |
| Доколку се констатира дека концентрациите на емисиите ги надминува концентрации дадени во табела 6.3.1 и услов 6.3.2, како и табела 6.6.1. и услов 6.6.3, бројот на анализите во тековната година ќе се интензивира. | | | |

# 12. Додаток 3

## 12.1. Пенали како мерка за исполнување на обврските од Дозволата

Со овој Додаток се утврдуваат пенали како мерка за исполнување на обврските од Б интегрираната еколошка дозвола на операторот на инсталацијата издадена од Градоначалникот на општина Долнени, и се определува висина на пеналите во случај на неисполнување на обврските од Програмата за подобрување која е составен дел од дозволата.

## 12.2. Определување на пенали

1. Операторот на инсталацијата е должен да ги исполни сите услови, мерки и временски рокови пропишани во Дозволата, како и мерките со временските рокови пропишани во програмата за подобрување која е составен дел на Дозволата.
2. Надлежниот орган како мерка за реализација на програмата за подобрување определува пенали во висина од 120% од висината на трошоците за спроведување на една фаза од Програмата за подобрување со средна вредност.
3. Операторот ќе ги спроведува договорените мерки наведени во Б интегрираната еколошка дозвола и е должен придржувајќи се на временските рамки писмено да го извести Надлежниот орган, во рок од 14 дена по извршување на секоја од пропишаните мерки.
4. Надлежниот орган е должен по завршувањето на секоја календарска година преку овластен инспектор или своите служби за животна средина да изврши инспекциски надзор кој ќе утврди дали условите и мерките во дозволата се спроведени од страна на операторот на инсталацијата.
5. Доколку утврди неисполнување на обврските од страна на операторот на инсталацијата согласно програмата за подобрување, овластениот инспектор или други релевантни служби од надлежниот орган ќе донесат решение со што ќе го задолжи операторот да постапи согласно програмата.

## 12.3. Присилна наплата

1. Надлежниот орган по конечноста на решението во управна постапка ќе спроведе постапка за извршување на пеналите согласно Законот за извршување и ќе спроведе присилна наплата во согласност со определената висина на пеналите.
2. Доколку не се исполнат и спроведат условите пропишани во Дозволата, ќе се изврши присилно извршување од сметката или имотот на операторот на инсталацијата, поради наплата на доспеана, а не наплатена обврска како и трошоците во постапката.
3. По спроведеното присилно извршување средствата од 20% добиени по овој основ се приход на општина Долнени, а средствата од 100% надлежниот орган ќе ги користи за набавка на средства кои се потребни за исполнување на мерките по програмата за подобрување на операторот и за други активности веќе предвидени во дозволата на операторот на инсталацијата.